**До**
**Општина ДЕМИР ХИСАР**

**ПРЕДМЕТ: Барање за информации од јавен карактер**

Почитувани,

.

Врз основа на ова, согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19) бараме одговор на долунаведените прашања:

1. **Дали имате спроведено активности за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родови улоги во урбани и во рурални средини за периодот од 2018-2023 година?**
   - **Доколку одговорот е ДА, ве замолуваме да наведете колку локални трибини, средби со населението имате одржано, дали имате дистрибуирано материјали, каде ги имате одржано, колку населени места имате опфатено и колку граѓани имате информирано. Бараните податоци поделете ги за секоја година одделно.**
   - **Доколку имате објавено на социјалните медиуми или на Вашата веб страна ве молиме пратете линк од нивната објава.**

2. **Дали во Вашите постојни документи, но и во идните документи кои планирате да ги подготвите или дел да ги ревидирате имате воведена стратешка цел за спречување и заштита на сите форми на насилство врз жени и семејно насилство?**
   - **Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете ги постојните документи каде е вклучена оваа стратешка цел или планираните нови документи каде би ја вклучиле.**

3. **Дали општината има аплицирано на Јавниот Повик објавен од страна на Министерството за труд и социјална политика во рамки на Проектот за подобрување на социјалните услуги (ППСУ) со финансиска поддршка од Меѓународната Банка за обнова и развој (Кредит Бр: 8902 –МК )?**
   - **Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете за кој вид на социјални услуги ви беше проектна апликација.**
   - **Дали ви беше одобрен грант по овој јавен повик и во кој износ?**
   - **Доколку ДА, ве молам наведете кратко како се спроведуваат активностите во проектот.**

4. **Колку средства од буџетот на општината се наменети и доделени на граѓански организации за спроведување на активности поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство? Ве молиме податоците поделете ги по година одделно за 2018, 2019, 2020, 2021, 2022 И 2023 година, име на организација која добила средства, наслов на проект, висина на доделена финансиска поддршка и постигнати резултати.**

**Доколку имате дополнителни информации или прашање ве замолуваме да го контактирате електронски лицето за контакт и тоа:**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија

**√ електронски запис**

- д) друго _______________________________________

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс

**√ г) е-маил**

- д) друго _______________________________________

Ве замолуваме бараните податоци доставете ни ги по електронски пат на следнава e-mail адреса:

**Ви благодариме за соработката,**
**Скопје, 20.10.2023г.**

Датум: 26.10.2023

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 09-1086/1, 24.10.2023 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник наРСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по баранатa информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

----------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот, [redacted] поднесено на 20.10.2023 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со родово-базирано и семејно насилство и родова еднаквост, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со родово-базирано и семејно насилство и родова еднаквост.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 20.10.2023 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 24.10.2023 година под архивски број 09-1086/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 26.10.2023 година, под бр. 09-1086/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

______________________________

-ИНФОРМАЦИЈА-

1. Да, имаме спроведено активност во 2022 година.
- На иницијатива на Претседателот на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите која е воедно и член на Советот на Општина Демир Хисар, беше одржан состанок на кој имаше присуство на жени од повеќе сфери на општеството, координаторот за еднакви можности на жените и мажите и Градоначалникот. Тема на разговор беше планот за активности кои се содржани во Годишната програма за еднакви можности на жените и мажите во Општина Демир Хисар за 2022 година и можност за предлагање на нови идеи, во насока на ефективно спроведување на задачи и на квалитетно креирање, промовирање на локални политики за унапредување на положбата на жените.Целта на средбата беше зајакнување на улогата на жената и кревање на гласот за рамноправност и да се преземаат сериозни чекори за надминување на половата дискриминација.

2. Стратешката цел за спречување и заштита на сите форми на насилство врз жени и семејно насилство ќе биде воведена во документите во наредниот период.

3. Општина Демир Хисар нема аплицирано на наведениот јавен повик.

4. Во буџетот на општината од 2019 година до 2023 година има планирано дел на средства во програмата за родова еднаквост, но нема доделено на граѓански организации за спроведување на активности поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство, ниту пак некоја граѓанска организација побара поддршка за таков тип на проекти.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

---------------------------------------------